Микрософт дооел Скопје
Бул. Партизански Одреди бр.62
ламела Ц, влез 1 - мезанин, локал 3
1000 Скопје, Р. Македонија

Тел.: +389 2 30 67 960, Факс: +389 2 30 61 330
E-mail: info@microsoft.com.mk
www.microsoft.com.mk

Microsoft

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
МИКРОСОФТ ДООЕЛ
Бр. 76 – 11 28.7 /6j/19
14. 03 20 11 год.
СКОПЈЕ

Почитувани ,

По остварената комуникација со комората на приватни лекари во Македонија, и изразената желба за легализација на компјутерите кои до сега користат нелиценциран софтвер од Мајкрософт, сакам на кратко да ве запознаам со правилата за лиценцирање за да го одберете правилниот продукт потребен за вашето работење.

1. <u>Легализација на постоечки компјутери кои користат нелиценциран Windows</u>

   За да се легализираат пиратските верзии на Windows потребно се да се набави легализациски пакет (Get Genuine Kit). Тоа е пакет кој се состои од ЦД за инсталација, COA (certificate of authentication) налепница за автентичност која треба да се залепи на кућиштето на компјутерот и упатство. Лиценцата не смее да се префрла од еден на друг компјутер. Валидна е се додека работи компјутерот кој е легализиран со неа.

   Продуктен број 6PC-00004 GGK-Win Pro 7 32-bit/x64 English Legalization DSP OEI DVD

2. <u>Лиценцирање на нов компјутер</u>

   Доколку одлучите да купите нов компјутер тогаш побарајте да ви биде инсталиран и лиценциран Windows 7 Professional. Ова е OEM (Original equipment manufacturer) тип лиценца, која е исто валидна додека работи компјутерот и не може да биде префрлена на друг компјутер. Оној кој го продава компјутерот треба да го инсталира софтверот, и да ја залепи COA налепницата на него. Производителот на компјутерот или лаптопот треба да обезбеди еден начин на повраток на системот во првобитната состојба (или ДВД за повторна инсталација или Hard Disk Recovery-еден дел од хард дискот на кој се наоѓа инсталацискиот фајл, или линк до интернет од каде може да се преземе инсталацискиот диск).

<u>Забелешка:</u>

OEM лиценцата не смее да се користи за легализација на постоечки пиратски верзии на Windows, и не смее да се продава без компјутер.

И двата типа на лиценци можат да се набават од некоја од ИТ компаниите партнери на Мајкрософт.

Доколку имате дополнителни прашања околу легализацијата, јавете се во нашиот контакт центар на 3090 890, секој работен ден од 08-16 часот.

Со почит,
Јанева Билјана
Микрософт Македонија

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ МИКРОСОФТ ДООЕЛ СКОПЈЕ